ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 45-660/10
Датум: 06.05.2022
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален Урбанистички План за градска четврт Ј03, Блок 02, Општина Карпош - Скопје.**

Повторната Јавната анкета по Предлог Детален Урбанистички План за градска четврт Ј03, Блок 02, Општина Карпош - Скопје, ќе трае 5 работни дена, од 13.05.2022 до 19.05.2022 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Повторната Јавна презентација по Предлог Детален Урбанистички План за градска четврт Ј03, Блок 02, Општина Карпош - Скопје, ќе се одржи на 18.05.2022 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Границата на планскиот опфат на блокот Ј 03.02 се наоѓа во границите на сообраќајниците:

- на север со транзитна магистрала Бул.„Македонија";
- на запад со Новопланирана сервисна улица „С11";
- на југ со сервисна улица „С1 – ул. Козле" и сервисна улица „С9 – ул. Јуриј Гагарин - 1";
- на исток со сервисна улица „С9 – ул. Јуриј Гагарин - 1".

Површината на блокот во регулационите линии дефинирани со урбанистичкиот план за четврт изнесува 6,08 ха. Површината во границите на планскиот опфат изнесува 8,76 ха.

Анкетните листови за учество на Повторната Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален Урбанистички План за градска четврт Ј03, Блок 02, Општина Карпош - Скопје, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk